## 1. НАЈАВА

Мобилната апликација е достапна за преземање од каталогот за апликации на App Store, Google Play и Huawei AppGallery. Потребната верзија на оперативниот систем е минимум IOS 16 односно Android 8.0 (Oreo). Со оваа апликација можете да плаќате директно од истата или со скенирање на QR код и на web верзијата на интернет банкарство на Банката достапна на линкот www.e-unibank.mk

Најавата е брза и лесна, во само три едноставни чекори ја завршувате процедурата за најава/регистрација и издавање на токен:










### Чекор 1

По инсталирање на апликацијата преку продавницата од мобилниот уред се најавувате со корисничко име и лозинка.

За најава на електронско банкарство преку веб апликацијата Е-УНИБанка и за најава на мобилната апликација My Unibank се користи исто корисничко име и лозинка.

При промена на мобилен уред откако ќе ја инстлирате апликацијата правите најава на новиот уред со корисничко име и лозинка кои веќе сте ги користеле.

### Чекор 2

Во следниот чекор апликацијата бара да се внесе 6 (шест) цифрената OTP лозинка, која ја добивате преку СМС на мобилниот број доставен во Банката при регистрација на корисничкиот профил.

### Чекор 3

Со внес на 6 (шест) цифрената лозинка ќе Ви биде побарано да внесете пин код кој се состои од 4 цифри. PIN кодот го создавате самостојно и истиот не треба да се состои од лесно разбирлива комбинација, од идентични односно последователни броеви или хоризонтална односно вертикална низа на броеви на тастатурата. Веднаш потоа има pop-up порака во која се дава избор за употреба на PIN или Биометрија (Fingerprint or Face recognition) за работа преку мобилната апликација.

УНИБанка
Твојата Банка